РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-375/3
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-375/1 од 24.01.2024 година против лицето --------------, ВД директор на Националната установа -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-375/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ----------------- со бр. 09-3598/1 од 17.07.2023 година, ДКСК утврди дека лицето ја врши функцијата ВД директор на Националната установа ----------, а во исто време е и управител на Друштвото за --------------------------.
Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето --------------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на

информација бр. 09-375/2 од 06.02.2024 година со цел добивање на информации дали истото лице се уште е ВД директор на Национална установа ------------------.

Службеното лице------------- не достави одговор по горенаведеното барање до Државната комисија за спречување на корупцијата.

По повторна проверка во Дистрибутивниот центар на Централен регистер на РСМ, ДКСК утврди дека лицето ----------------- е ВД директор на Национална установа ---------------, но истата е управител, но не е сопственик на Друштво ------------------, со што не е констатирана повреда на член 45 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: З.Б - член на ДКСК